Врз основа на член 13 став 1 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 59/25) и член 5 став 1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар, бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година, бр. 01-197/3 од 15.04.2024 година, бр. 01-109/3 од 11.02.2025 година и бр. 01-157/4 од 25.3.2025, Државниот испитен центар Скопје распишува

## ЈАВЕН КОНКУРС

**за избор на надворешни соработници – членови на предметна работна група за државно тестирање**

**I. Државниот испитен центар Скопје распишува јавен конкурс за избор на надворешни соработници - членови на предметната работна група за спроведување на државното тестирање по предметот:**

**1. Албански јазик** – 4 (четири) члена од редот на наставниците-практичари кои изведуваат одделенска настава во основните училишта на албански наставен јазик.

**II. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:**

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област;
- да се од редот на стручни лица - наставници од соодветниот наставен предмет во основните училишта во РСМ и
- да имаат најмалку 3 (три) години работно искуство во настава.

**III. Кандидатите задолжително ја доставуваат следнава документација:**

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.mk);
- уверение за државјанство;
- копија од уверението/дипломата за завршени академски студии од прв циклус од соодветната област, заверена на нотар;
- потврда дека се од редот на стручните лица-наставници од соодветниот наставен предмет во основните училишта во Република Северна Македонија на албански наставен јазик и
- потврда за најмалку 3 (три) години работно искуство во настава.

**IV.** Изборот на надворешните соработници се врши на начин и во постапка утврдена со Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар.

**V.** Кандидатите кои ќе бидат избрани ќе бидат ангажирани за период од 3 (три) години, сметано од денот на склучувањето на договорите за ангажирање.

**VI.** Рок за пријавување на заинтересираните кандидати е до 11.4.2025 година.

**VII.** Изборот на надворешните соработници ќе се изврши најдоцна во рок од 18 (осумнаесет) дена по истекот на рокот за пријавување.

**VIII.** Ненавремена, нецелосна и невалидна документација, нема да биде предмет на разгледување.

**IX.** Пријавата со потребната документација се доставува во Архивата на Државниот испитен центар (од 10:00 до 14:00 часот) или со препорачана поштенска пратка, на следнава адреса: Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ б.б. 1000 Скопје, со назнака „**За јавен конкурс за надворешни соработници - членови на предметна работна група за државно тестирање**“.

**X.** Дополнителни информации за конкурсот можат да се добијат на телефонскиот број 075 258 862, секој работен ден од 10.00 часот до 14.00 часот.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ